Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 08/4-227/2
20.07. 2020 год.
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Дирекција за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# РЕШЕНИЕ

1. СЕ УВАЖУВА барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот , со емаил адреса со застапник/полномошник на барателот на информацијата поднесено по емаил преку а евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 08/4-227/1 од 20.07. 2020 година.

2. Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во својство на имател на информацијата од јавен карактер - *информации од спроведена постапка за јавна набавка на Патничко возило SUV (повеќенаменско специјално моторно возило) со бр. 16/2018, и тоа информации за: 1. марката и моделот на возилото; 2. цената (со или без ДДВ) платена за едно возило согласно марката и моделот* и 3. *бројот на возила купени согласно марката и моделот*, позитивно одговара на барањето од поднесено по емаил преку ден 08. 07. 2020 година во Скопје а евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 08/4-227/1 од 20.07. 2020 година.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Барателот, [redacted], со генералии како во диспозитивот на решението, поднесе барање до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за пристап до информации од јавен карактер – *информации од спроведена постапка за јавна набавка на Патничко возило SUV (повеќенаменско специјално моторно возило) со бр. 16/2018,* и тоа информации за*: 1. марката и моделот на возилото, 2. цената (со или без ДДВ) платена за едно возило согласно марката и моделот и 3. бројот на возила купени согласно марката и моделот*, евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 08/4-227/1 од 20.07. 2020 година.

Постапувајќи по барањето, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации го разгледа барањето и позитивно одговори согласно член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) со овозможување пристап до бараните информации *за цената (со или без ДДВ) платена за едно возило согласно марката и моделот* и за *бројот на возила купени согласно марката и моделот* содржани во документот - *Договор за набавка на стока - Патничко моторно возило SUV (повеќенаменско специјално моторно возило) со дел. бр. 05-499/38 од 29. 11. 2018 година,* како и пристап до *бараната информација за* *марката и моделот на возилото* *содржана во* документот - *Записник за примопредавање на возило со дел бр. 05- 499/40 од 10. 12. 2018 година.*

Согласно барањето на [redacted] поднесено по емаил на 08. 07. 2020 година во Скопје а евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 08-227/1 од 20.07. 2020 година за формата и начинот на доставување на информацијата, му се овозможува на [redacted] запознавање со содржината на *Договор за набавка на стока - Патничко моторно возило SUV (повеќенаменско специјално моторно возило)* како и со содржината на *Записник за примопредавање на возило* **во фотокопија и во електронски запис**.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истото до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер .

**Директор**
Стојан Славески

Подготвил: Даниел Тренчов

Доставено до:
- Барателот - [redacted] (по емаил)
- Архива на ДБКИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на класифицирани информации
05- 499/38
29. 11. 18 год.
СКОПЈЕ

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
КОРЕА АУТО-ТРЕЈД ДООЕЛ
Бр. 0301/1277
30.11. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА СТОКА
## Патничко моторно возило SUV
## (повеќенаменско специјално моторно возило)

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1. ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**, (во натамошниот текст **„Договорен орган“**), со адреса на ул. Васко Каранѓелески бр.8, Скопје, претставувана од г-дин Стојан Славески, директор, од една страна

и

**2. Друштво за трговија и услуги КОРЕА АУТО-ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје** (во натамошниот текст **Носител на набавката**), со седиште на ул. Скупи бр. 37 Скопје, претставувано од г-дин Вилјем Хорват, управител, од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој Договор е набавка и испорака на патничко моторно возило SUV (повеќенаменско специјално моторно возило), во количина од 1 (едно) парче, за Договорниот орган согласно техничката спецификација во тендерската документација, Бр. 05-499/22 од 07.11.2018 година, по огласот за јавна набавка Бр.16/2018 од 07.11.2018 година, како и доставената конечна понуда од носителот на набавката, според следново:

**Патничко моторно возило SUV (повеќенаменско специјално моторно возило).......................................................................................................... 1 парче**

| | |
|---|---|
| **Категорија на возило** | повеќенаменско |
| **Форма на каросерија** | SUV |
| **Погонско гориво** | Безоловен бензин |

| | |
|---|---|
| Работна зафатнина на мотор | 1591 $cm^3$ |
| Моќност на мотор | 97 KW |
| Норма на емисија | EURO 6c |
| Погон | на предни тркала |
| Менувач | 6 степен + 1 степен за возење назад |
| Број на седишта | 5 |
| Должина на возило | 4480 mm |
| Меѓуоскино растојание | 2670 mm |
| Багажен простор | 513 литри |
| Сопирачки | Дискови напред и назад |
| Боја | Црна металик |
| Опрема | - Централна брава<br>- Далечинско отклучување<br>- Кодиран клуч<br>- Аларм<br>- Подесиви фарови<br>- Светла за магла напред и назад<br>- LED дневни светла<br>- Follow me home светла<br>- ABS+EBD+TCS+ESP<br>- Stop/Go систем<br>- Uphill+downhill контрола<br>- Паркинг сензори напред и назад<br>- Камера за паркирање<br>- Темпомат<br>- Патен компјутер<br>- Навигација<br>- Серво управувач со висинско и длабинско подесување<br>- Волан со команди<br>- Автоматски клима уред (минимум двозонски)<br>- Воздушни перничиња 4<br>- Воздушни завеси<br>- Возачко седиште подесиво по висина<br>- Деллива задна клупа<br>- Сензор за дожд<br>- Електрика на сите прозорци<br>- Тонирани стакла<br>- Фабрички затемнети стакла позади<br>- Електрика на ретровизори<br>- Кваки и ретровизори во боја на каросерија |

| | |
|---|---|
| | - Автоматско затемнување на внатрешен ретровизор<br>- Алуминиумски фелни 17" минимум<br>- Сензори за притисок на пневматици<br>- Потпирач за рака за возач/совозач<br>- Кровни носачи<br>- Пепелник<br>- Резервно тркало или систем за полнење со пена на пневматиците |
| **Дополнителна опрема** | - Багажен простор опремен со посебен метален сандак за пренесување на товар (во димензии на товарниот простор) направен од нерѓосувачки челик со минимална дебелина од 3 мм потполно затворен од горната површина, дното и сите страни освен предната страна на која е вградена сигурносна врата.<br>- Внатрешната сигурносна врата е направена од нерѓосувачка челична решетка со дебелина од минимум 3 мм, вградена така да ниеден отвор не е поголем од 5 см и отворите на решетката не се поголеми од 5 $см^2$ и осигурана со уред за заклучување –брава со клуч, со минимум 3 точки на заклучување |

## III. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 2

Носителот на набавката се обврзува предметот на договорот од член 1 да го испорача до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во рок од 10 (десет) работни дена од склучувањето на договорот.

Возилото мора да е ново и неупотребувано.

### Член 3

Носителот на набавката му гарантира на Договорниот орган за квалитетот на понудената стока.

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди минимум 5 години (или до 100.000 км) гаранција, од датумот на испораката на возилото, независно кој услов ќе биде прв исполнет.

Член 4

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот период да обезбеди сервис на територијата на Република Македонија, како и 24 часовна шлеп служба на територијата на Република Македонија и Европа (како континент).

## IV. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 5

Договорниот орган е обврзан да ја плати цената на оваа набавка на начин кој е уреден во членот 8 од овој Договор

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Овој Договор стапува на сила по неговото потпишување од двете договорни страни од датумот на последното негово заведување во архивата на договорните страни и важи сé до исполнувањето на сите обврски и права на двете договорни страни.

## VI. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Цената на набавката на предметот на Договорот од член 1 на овој Договор изнесува 1.029.500,00 (еден милион дваесет и девет илјади и петстотини) денари без вклучен ДДВ од 18%. Данокот на додадена вредност изнесува 185.310,00 (сто осумдесет и пет илјади триста и десет) денари, така што вкупната вредност на набавката со вклучен ДДВ изнесува 1.214.810,00 (еден милион двеста и четиринаесет илјади осумстотини и десет) денари.

## VII. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни плаќањето на износот од членот 7 на овој договор да се изврши по уредно доставена фактура, после приемот на стоката, во законски определен рок.

## VIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 10**

Договорот може да се раскине со писмено известување на секоја договорна страна. Договорот ќе се смета за раскинат од денот на прием на писменото известување од страна на договорните страни.

**Член 11**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

## IX. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 12**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена евентуалните спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## X . ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор (Анекс на основниот договор).

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

За сé што не е предвидено во овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 14

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 15

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **ДОГОВОРЕН ОРГАН** | **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА** |
| **ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ** | **Друштво за трговија и услуги КОРЕА АУТО-ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје** |
| **Директор Стојан Славески** | **Управител Вилјем Хорват** |

Класифицирани информации
СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 12. 2018 | |
|---|---|---|
| Орг. един. | | Вредност |
| 05 | 499/40 1 | 1 |

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ВОЗИЛО

На ден __05__ декември_2018_година извршен е прием/примопредавање на моторно возилото во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Примопредавањето го изврши претставник од страна на импортерот „Друштво за трговија и услуги КОРЕА АУТО-ТРЕЈД ДООЕЛ„- Скопје согласно склучениот договор за набавка на едно ново патничко моторно возило SUV (повеќе наменско специјално моторно возило) со бр. на договор 05-499/38 склучен на 29.11.2018 и тоа ; тип _____HYINDAI____, модел ____TUCSON_1.6__, број на мотор на шасија_TMAJ3811AKJ738741_, година на производство _2018_, и број на поминати километри ____6_____, согласно техничките карактеристики опишани во „техничката спецификација„ прикачени со овој записник.

Дополнителни евентуални забелешки:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________.

При примопредавање на возилото, количината на гориво во истото е: _______________10 литри_______________.

Носител на набавка

_______________

Краен корисник

Поповски Борис